Со влегувањето во сила на овој Закон престанува да важи Законот за административно-територијалната поделба на Народна Република Македонија од 18 октомври 1950 година.

Член 14

Овој Закон влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

У. бр. 11
Скопје, 11 април 1952 година

**Президиум на Народното собрание**
**на Народна Република Македонија**

Секретар, **Лазо Мојсов, с. р.**

Претседател, **Страхил Гигов, с. р.**

**40**

# УКАЗ

Врз основа на чл. 73 т. 4 од Уставот на НРМ а во врска со чл. 5 т. 7 од Законот за Президиумот на Народното собрание на НРМ, Президиумот на Народното собрание на НРМ го прогласува Законот за спроведување реорганизацијата на народните одбори, што го донесе Народното собрание на НРМ на седницата од 10 април 1952 година, а кој гласи:

# ЗАКОН

## ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ РЕОРГАНИЗАЦИЈАТА НА НАРОДНИТЕ ОДБОРИ

### УВОДНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со цел организацијата и работата на народните одбори да се согласи со начелата на Општиот закон за народните одбори, народните одбори на околиите, градовите, градските општини и општините во Народна Република Македонија, до влегувањето во сила на посебните закони за народните одбори и за избор и одзивање на одборниците на народните одбори, ќе се реорганизираат и работат по прописите на овој Закон.

Член 2

Доколку со овој Закон не е инаку одредено, за организацијата и работата на народните одбори ќе се применуваат начелата на Општиот закон за народните одбори.

Член 3

Изборите за одборници за народните одбори на околиите, градовите, градските општини и општините должни се надлежните органи да ги распишат и спроведат најдоцна во срок од една година од влегувањето во сила на овој Закон.

### ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТА НА НАРОДНИТЕ ОДБОРИ

Член 4

Со денот на влегувањето во сила на овој Закон, одборниците на околиските народни одбори чие подрачје исцело се вклучува во подрачјето на една околија стануваат одборници на народниот одбор на таа околија.

Одборниците на околските народни одбори, чии подрачја се вклучуваат во две или повеќе околии, стануваат одборници на онаа околија во чие подрачје се вклучува изборната единица, во која се тие избрани.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој Закон:

одборниците на месните народни одбори чие подрачје исцело се вклучува во подрачјето на општина односно градска општина, стануваат одборници на народниот одбор на општината односно градската општина во чие подрачје се вклучува подрачјето на месниот народен одбор;

одборниците на месните народни одбори чие подрачје се вклучува во подрачјето на две или повеќе општини односно градски општини стануваат одборници на народниот одбор на општината односно градската општина во чие подрачје се вклучува изборната единица во која тие се избрани.

Член 6

Во околиите и градските општини чие подрачје или број на одборниците на народниот одбор поради новата територијална подедба се зголемува, можат одборниците, на првата седница на народниот одбор, да изберат народен одбор во броен состав спрема размерите утврдени со Општиот закон за народните одбори, водејќи сметка во народниот одбор да бидат со одборници сразмерно застапени жителите од сите населени места од подрачјето на околијата односно градската општина. Одлуката за изборот и бројот на одборниците што треба да се избере ја донесува односниот народен одбор.

Одредбата од претходниот став сходно важи и за народните одбори на општините

Одборниците на народните одбори на околиите, градските општини и општините можат да одлучат во народниот одбор да изберат за одборници и граѓани што се запишани во списокот на избирачите на односниот народен одбор.

За одборници по одредбата на претходниот став можат да бидат избрани во народните одбори на околиите и градските општини најмногу до 5, а во народните одбори на општините најмногу до 3 граѓани.

Член 7

Одборниците на народните одбори на градските општини образувани на подрачјето на досегашните градови извон составот на околија ќе изберат од својата средина одборници на народниот одбор на околијата во сразмер со бројот на жителите на градската општина спрема бројот на жителите на околијата.

Колку одборници на народниот одбор на околијата ќе избере народниот одбор на градска општина одредува народниот одбор на околијата.

Член 8

Првата седница на народниот одбор на околиите, градските општини и општините ќе ја свика претседателот на извршниот одбор на досегашниот околиски, градски односно местен народен одбор.

Во случај подрачјето на народен одбор да се образува од подрачјата на два или повеќе досегашни народни одбори седницата на народниот одбор ќе ја свика претседателот на народниот одбор на повисокиот народен одбор.

Првата седница на народните одбори на околиите што настанале со соединување на два околиски народни одбори споразумно ќе ја свикаат претседателите на извршните одбори на тие народни одбори.

Член 9

На седницата одборниците ќе изберат одборнички комисии и претседател на народниот одбор, а одборниците на народните одбори на околиите, градовите и градските општини што имаат совети ќе изберат и претседатели и членови на советите.

Одредбата за избирање претседатели и членови на советите сходно важи и за народните одбори на општините што имаат совети.

Член 10

Со конституирањето на народните одбори на општините престануваат со работа месните народни одбори.

Народните одбори на околиите што се укинуваат или соединуваат, како и нивните органи, престануваат со работа со конституирањето на народниот одбор на околијата во чие подрачје се вклучуваат односно соединуваат тие околии.

Со конституирањето на Народниот одбор на град Скопје се укинуваат реонските народни одбори во град Скопје.

Член 11

Доколку се изврши избор на народен одбор по член 6 на овој Закон, на неизбраните одборници и нивните заменици им престанува мандатот.

Со конституирањето на Народниот одбор на град Скопје им престанува мандатот на одборниците на реонските народни одбори во град Скопје и нивните заменици.

Член 12

Седницата за конституирање на народните одбори по прописите на овој Закон мора да биде одржана најдоцна во срок од 15 дена по влегувањето во сила на овој Закон.

## НАДЛЕЖНОСТИ НА НАРОДНИТЕ ОДБОРИ

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој Закон:

народните одбори на општините надлежни се да ги вршат сите работи што со досегашните сојузни или републикански прописи се ставени во надлежност на месните народни одбори. Оваа одредба во се важи и за народните одбори на градските општини што се образуваат на подрачјето на досегашните градови во состав на околија;

народните одбори на градските општини што се образувани на подрачјата на досегашните градови извон составот на околија надлежни се да ги вршат сите работи што со досегашните сојузни или републикански прописи се ставени во надлежност на народните одбори на тие градови вклучително и работите за водењето на административно-казнената постапка, освен работите од областа на внатрешните работи што се во надлежност на народен одбор на околија;

народните одбори на околиите надлежни се да ги вршат сите работи што со досегашните сојузни или републикански прописи се ставени во надлежност на околиските народни одбори;

Народниот одбор на град Скопје надлежен е да ги врши сите работи што со досегашните сојузни или републикански прописи му се ставени во надлежност, како и сите работи што се ставени во надлежност на реонските народни одбори на градот.

Со указ од Президиумот на Народното собрание можат на народните одбори на градските општини образувани на подрачјата на досегашните градови извон составот на околија да им се дадат во надлежност и други работи од надлежноста на народните одбори на околиите, а можат од нивната надлежност и да се изземат поедини работи.

Член 14

Градски општини со посебни права се градските општини образувани на подрачјата на досегашните градови извън составот на околија: Битола, Куманово, Охрид, Прилеп, Струмица, Тетово, Титов Велес и Штип.

Член 15

До донесувањето на посебни прописи за водење на матичните книги, матичните книги ќе се водат на начинот и подрачјата на кои се водат сега.

Член 16

До изборот на веќа на производителите народните одбори на околиите односно Народниот одбор на град Скопје ќе ги вршат сите работи во кои, согласно начелата на Општиот закон за народните одбори, рамноправно решаваат околиското односно градското веќе и веќето на производителите на народен одбор на околија односно град.

Член 17

Со денот на конституирањето на народните одбори на околиите, градовите, градските општини и општините се укинуваат извршните одбори на народните одбори и нивните органи.

Член 18

Доколку со закон или други прописи од повисоките државни органи или со одлука на народниот одбор не биде инаку одредено, со денот на конституирањето на народните одбори вршењето на работите што со досегашните посебни прописи се дадени во надлежност на извршен одбор преминува во надлежност на народниот одбор.

Член 19

За проучување на поедини прашања од својата надлежност, за предлагање или извршување на општи мерки и слично, народните одбори имаат свои одборнички комисии.

Одборничките комисии на народните одбори се постојани или повремени.

Постојани одборнички комисии на народните одбори на околиите, градовите и градските општини со посебни права се мандатно-имунитетската комисија, комисијата за општествен план и финансии, комисијата за прописи и организациони прашања, комисијата за молби и жалби и др.

Постојани одборнички комисии на народните одбори на општините се мандатно имунитетската комисија, комисија за прописи и организациони прашања и друго.

Повремените одборнички комисии се избираат по потреба и работат додека да ја свршат доверената им работа или не бидат разрешени.

Одборничките комисии на народните одбори ги избираат меѓу себе одборниците на односниот народен одбор и се состојат од 3 до 7 члена.

Член 20

За извршување на прописите од повисоките државни органи и прописите на народниот одбор, како и за вршење на управните работи, народните одбори на околиите, градските општини со посебни права и Народниот одбор на град Скопје основаат совети на народниот одбор.

Народните одбори на околиите и Народниот одбор на град Скопје ги основаат следните совети:

1. — совет за стопанство, во чиј делокруг спаѓаат работите на составувањето на предлог за општествен план и буџет на околијата односно градот или градската општина, како и работите од областа на финансиите, индустријата и рударството, земјоделието и шумарството, трговијата и занаетчиството, угостителството и туризмот, ловот и риболовот и слично;

2. — совет за комунални работи, во чиј делокруг спаѓаат работите од областа на локалниот сообраќај, градежништвото и урбанизмот, водостопанството, станбените прашања и другите комунални делатности;

3. — совет за просвета и култура, во чиј делокруг спаѓаат работите од областа на школството, народното просветување, фискултурата, предвојничката обука и другите културни дејности;

4. — совет за народно здравје и социјални грижи, во чиј делокруг спаѓаат работите од областа на народното здравје, социјалните грижи, социјалното осигурување, предшколското воспитување, работните односи, посредувањето за работа и слично;

5. — совет за внатрешни работи, во чиј делокруг спаѓаат работите на заштитата на јавниот ред, мир и поредок, редот и сигурноста на сообраќајот, криминалистичката служба, граѓанските состојби, противпожарната служба, противавионската заштита и слично.

Народните одбори на градските општини со посебни права ги основаат советите под 1 до 4 од претходниот став.

Во народните одбори на општините можат да се основаат совети за вршење на одредени работи.

Член 21

Советите на народните одбори се колегиални тела и се состојат од претседател и 6 до 9 члена, а советот за стопанство, освен претседател, може да има најмногу до 12 члена. Членовите на советите народните одбори ги избираат од редот на одборниците и претставниците на стопанските и општествените организации и граѓаните што со своите лични и стручни способности можат да придонесат за остварувањето задачите на советот.

Претседателот на совет мора да биде одборник на народниот одбор.

Член 22

Советите на народните одбори можат за поедини одредени работи да избираат свои одбори во состав од 3 до 5 члена на кои може да им се доверува проучувањето на поедини прашања и подготвувањето решенија од делокругот на советот. На одборите на советите не може да им се дава во надлежност донесување на решенија по работите за кои се основани.

Освен членовите на советот, во одборот на совет можат да бидат избрани и други граѓани.

Со одборите раководи членот на одборот што го одредува советот.

Член 23

За успешно извршување на поедините работи од надлежноста на народниот одбор на општината во села и населби, за улеснувањето на граѓаните во остварувањето на нивните права, како и за вршење на работите

што се од исклучив интерес за населението на селата, а за кои не решава соборот на избирачи, може во селата и населбите да се образува селски одбор.

Селскиот одбор може на народниот одбор да му предлага донесување на одлуки и превземање на други мерки. По предлозите од селскиот одбор народниот одбор на општината е должен да донесе свое решение.

Член 24

Народниот одбор на општината донесува одлука за образување селски одбор по предлог од соборот на избирачи или по сопствена иницијатива. Ако народниот одбор не го усвои предлогот за образување на селски одбор, соборот на избирачи може против тоа да се жали до народниот одбор на околијата.

Селскиот одбор го сочинуваат одборниците на народниот одбор на општината избрани во селото односно населбата и одреден број граѓани што ги избира соборот на избирачите од селото.

Член 25

Претседателот на народниот одбор се грижи за правилното извршување на заклучоците на народниот одбор, како и за извршување на заклучоците на повисоките државни органи, ја ускладува работата на сите органи на народниот одбор и раководи со неговата администрација, а особено ги врши ове работи:

1. — се грижи за подготвувањето и свикувањето на седниците на народниот одбор, составува предлог за дневен ред на седниците;

2. — на народниот одбор му поднесува извештај за работата на народниот одбор како целина, како и за работата на администрацијата на народниот одбор;

3. — ја ускладува работата на советите на народниот одбор, бара свикување на седниците на советите за донесување решенија во итни и важни прашања, а по потреба и сам ги свикува седниците на советите за решавање по такви прашања, одредува заменици на претседателите на советите кога тие се отсутни или спречени да ја вршат својата должност;

4. — врши општ надзор над работата на администрацијата и службениците на народниот одбор, одредува заменик на секретарот на народниот одбор и на секретарите на советите, кога тие се отсутни или привремено спречени да ја вршат својата должност, предлага отворање на дисциплинска постапка и изрекнување казни за дисциплински неуредности на секретарот на народниот одбор и на секретарите на советите;

5. — ги врши сите други работи што му се дадени во делокруг со закон или други прописи од повисоките државни органи, како и со статутот или заклучоците на народниот одбор.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА НА НАРОДНИТЕ ОДБОРИ

Член 26

Со администрацијата и работата на службениците на народниот одбор раководи секретарот на народниот одбор под општ надзор на претседателот на народниот одбор.

За работите на администрацијата од делокругот на поедините совети, народните одбори на околиите, народните одбори на градските општини со посебни права, како и Народниот одбор на град Скопје можат да оснивааат одделенија, а народните одбори на помалите околии можат за работите од делокругот на еден или повеќе совети, наместо одделенија, да оснивают отсеци или реферати, со кои непосредно раководи секретарот на народниот одбор.

Администрацијата на народниот одбор на општина ја води секретарот на народниот одбор на општината.

Благајничката служба на народните одбори се води одвоено од секретаријатот на народниот одбор. Благајничката служба ја врши благајникот на народниот одбор на општината.

Член 27

Во поголемите и поразвиените околии и во град Скопје народниот одбор може, за вршење на чисто административни работи и за спроведување решенијата на народниот одбор да оснива свои испоставки. Во делокругот на испоставите може народниот одбор да им довери заверувањето на исправи и потписи, примањето на исправи, издавањето на уверења, примањето на молби и жалби, доставувањето на позиви и решенија, прибирањето на разни податоци и други слични работи.

Со работата на испоставата раководи секретарот на испоставата, кого го поставува и разрешува народниот одбор.

Својата работа секретарот на испостава ја врши под непосредно раководство и надзор на секретарот на народниот одбор на околијата односно Народниот одбор на град Скопје, на кого му е одговорен како за својата работа така и за работата на испоставата.

За подрачјата на градот за кои се основани испостави Народниот одбор на град Скопје може со одлука да оснива совети на граѓани. Оваа одредба сходно важи и за испоставите основани со одлука на народен одбор на околија.

Член 28

Конкретната организација на администрацијата на народните одбори ја спроведува секој народен одбор со своја одлука во согласност со Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата, а за народните одбори на општините во согласност со народниот одбор на околијата.

Член 29

За секретар на народен одбор на околија, град и градска општина со посебни права може да биде поставено лице со виша стручна спрема кое положило стручен испит и има најмалку петгодишна пракса на исти или слични работи.

За секретар на народен одбор на други градски општини може да биде поставено лице со најмалку потполна средна стручна спрема и положен стручен испит за звањето што е со систематизацијата на работните места и звањата предвидено за секретарот на народниот одбор на градската општина, а за секретар на народен одбор на општина може да биде поставено лице со најмалку непотполна средна стручна спрема и положен стручен испит за звањето што е со систематизацијата предвидено за секретар на народниот одбор на општината.

По исклучение од став 1 и 2 на овој член како вршители на должноста секретар на народен одбор може во срок од две години од влегувањето во сила на овој Закон, да биде поставено и лице што не располага со пропишаната стручна спрема, а има потребно искуство за вршење работите на секретар на соответниот народен одбор со тоа што е должно во срок од една година од поставувањето да го положи стручниот испит што е пропишан за звањето во кое е поставен. За поставувањето на вршители на должност секретари по

оваа одредба во народните одбори од ст. 1 на овој член е потребна согласноста на Претседателот на Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата.

Член 30

Секретарите на народните одбори на околиите, градовите, градските општини и општините ги поставува и разрешува односниот народен одбор.

За поставувањето и разрешувањето на секретар на народен одбор на општина е потребна согласност на претседателот на народниот одбор на околијата.

Член 31

На чело на одделение стои началник на одделението. Началникот на одделение е истовремено и секретар на оној совет на народниот одбор за вршење на чии работи е основано одделението.

Началниците на одделенија ги поставува и разрешува народниот одбор во согласност со ресорниот член на Владата, а началникот на одделението за работите на советот за внатрешни работи го поставува Министерот на внатрешните работи во согласност со народниот одбор. Согласноста од овој став е потребна и за назначување на шеф на отсек доколку врши должност секретар на совет.

За началник на одделение (шеф на отсек) може да биде поставено лице кое располага со потполна средна стручна спрема и кое положило стручен испит за звањето што со систематизацијата на работните места и звањата во односниот народен одбор е предвидено за секретар на совет.

Началниците на одделенијата за својата работа и за работата на одделението му се одговорни на својот совет и на секретарот на народниот одбор, а началникот на одделението за внатрешните работи за својата работи му е одговорен на својот совет и непосредно на Министерот на внатрешните работи.

Член 32

Службениците на соединетите околии се ставаат на расположение на народниот одбор на новооснованата околија, а службениците на околиите чие подрачје се вклучува во подрачјето на две или повеќе околии се ставаат на расположение на народниот одбор на онаа околија во подрачјето на која се вклучува местото на постојаното живеење на односните службеници.

Службениците на месните народни одбори се стават на расположение на народниот одбор на онаа општина во чие подрачје се вклучува подрачјето на месниот народен одбор, а ако подрачјето на месниот народен одбор се вклучува во подрачјето на две или повеќе општини, службениците од месните народни одбори се стават на расположение на народниот одбор на онаа општина во чие подрачје се вклучува местото на постојаното живеење на односните службеници.

Член 33

Службениците на народниот одбор ги поставува и разрешува народниот одбор, доколку со посебни прописи не е инаку пропишано.

Поставување и разрешување на службениците на работни места за кои според систематизацијата се бара виша или потполна средна стручна спрема врши народниот одбор по претходна согласност на ресорниот член на Владата.

Сите службеници на одделението за внатрешни работи на народниот одбор ги поставува и разрешува и систематизацијата на овие службеници ја врши Министерот на внатрешните работи во согласност со народниот одбор.

Благајникот на народен одбор на општина го поставува и разрешува народниот одбор на општината во согласност со претседателот на народниот одбор на околијата.

Член 34

Доколку со овој Закон не е инаку пропишано, на службениците во народните одбори и нивните службенички односи ќе се применуваат прописите што ги регулираат односите на државните службеници.

Член 35

За обезбедување на редот и мирот, како и за административно извршување на одредени акти од својата надлежност, народните одбори на општините, вклучително и народните одбори на градските општини можат да имаат своја општинска (градска) народна стража.

Поблиски одредби за општинските (градските) народни стражи ќе пропише Министерот на внатрешните работи.

Член 36

Примопредавањето на работите од укинатите народни одбори на новооснованите народни одбори ќе се изврши по посебни напатства.

За правилно и благовремено извршување на примопредавањето на работите е одговорен претседателот на новооснованиот народен одбор односно претседателот на народниот одбор во чие подрачје се вклучува подрачјето или дел од подрачјето на досегашниот народен одбор.

Член 37

Решенија во управната постапка донесува, во склад со смерниците и напатствата од надлежниот совет, началникот на одделението, а во работите што не спаѓаат во делокругот на одделение, како и во народните одбори на општините што немаат одделение — секретарот на народниот одбор, доколку со закон или други општи прописи на повисоките државни органи, статут или одлука на народниот одбор тоа не е ставено во надлежност на советот на народниот одбор.

Член 38

Се овластува Претседателот на Советот за законодавство и изградба на народната власт на Владата да издава поблиски прописи и напатства за спроведување на овој Закон.

Член 39

Овој Закон влегува во сила од денот на неговото објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

У. бр. 10

Скопје, 11 април 1952 година

**Президиум на Народното собрание**
**на Народна Република Македонија**

| | |
|---|---|
| Секретар, | Претседател, |
| **Лазо Мојсов,** с. р. | **Страхил Гигов,** с. р. |

## 41

На основа чл. 73 точ. 4 од Уставот на НРМ и став 3 точ. III од Указот за реорганизација на Владата на Народна Република Македонија У. бр. 12 од 13. IV. 1951 година, а по предлог од Претседателот на Владата, Президиумот на Народното собрание на Народна Република Македонија издава

### УКАЗ

### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА ГЛАВНАТА УПРАВА

I

Се разрешува од должност Наумовски Круме, директор на Главната управа за комунални работи, локална индустрија и занаетчиство.

II

За директор на Главната управа за комунални работи, локална индустрија и занаетчиство се именува Белчев Коце, досегашен претседател на Советот за промет со стоки на Народниот одбор на град Скопје.

III

Овој Указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 9
Скопје, 9 април 1952 година.

**Президиум на Народното собрание на Народна Република Македонија**

Секретар, **Лазо Мојсов,** с. р.

Претседател, **Страхил Гигов,** с. р.

# Огласен дел

## ЗАДРУЖЕН РЕГИСТЕР

Во задружниот регистер на Народниот одбор на Охридска околија на страна 35, уписана е Земјоделската задруга „Зора" во село Црвена Вода, Охридска околија.

Задругата е основана на собранието од 13-XI-1951 год. Предметот на работата и обврските на задругарите се предвидени со правилата на задругата.

Задругата полноважно ќе ја претставува, застапува и потпишува претседателот Никола Спасовски.

Бр. 11277/51 од Повереноството за финансии на ОНО — Охрид. III—1—2

---

Во задружниот регистер на Народниот одбор на Демирхисарска околија под ред. бр. 3, уписана е Селанската работна задруга „Пролетер" во село Лесково, Демирхисарска околија.

Задругата е основана на собранието од 4-IV-1949 год. и истата е од III-тип. Предметот на работата и обврските на задругарите се предвидени со правилата на задругата.

Задругата полноважно ја претставуваат, застапуваат и потпишуваат претседателот Душан Крстевски и членовите Јосив Стојановски и Јордан Симоновски.

Бр. 1031/52 од Поверен. за финансии на ОНО — Демир Хисар. III—1—18

---

Во задружниот регистер на Народниот одбор на Демирхисарска околија под ред. бр. 3, уписана е Селанската работна задруга „Македонија" во село Доленци, Демирхисарска околија.

Задругата е основана на собранието од 8-V-1949 год. и истата е од III-тип. Предметот на работата и обврските на задругарите се предвидени со правилата на задругата.

Задругата полноважно ја претставуваат, застапуваат и потпишуваат претседателот Велко Малески и членовите Коле Младеноски и Апостол Макариески.

Бр. 835/52 од Повереноството за финансии на ОНО — Демир Хисар. III—2—24

---

Во задружниот регистер на Народниот одбор на Демирхисарска околија на страна 25, ред. бр. 3, уписана е Селанската работна задруга „Љубо Јошевски" во село Прибилци — Демирхисарска околија.

Задругата е основана на собранието од 18-X-1948 год. и истата е од III-тип. Предметот на работата и обврските на задругарите се предвидени со правилата на задругата.

Задругата полноважно ја претставуваат, застапуваат и потпишуваат претседателот Славе Б. Мојсовски и членовите Владо Д. Крстевски и Дуко М. Спировски.

Бр. 775/52 од Поверен. за финансии на ОНО — Демир Хисар. III—2—26

---

Во задружниот регистер на Народниот одбор на Гевгелиска околија под ред. бр. 69, уписана е Занаетчиската берберо-фризерска задруга „Хигиена" со седиште во Гевгелија.

Задругата е основана на собранието од 18-II-1952 год. Предмет на работата на задругата е: вршење услуги на населението со бричење, потстрижување и ондулирање.

Задругата полноважно ја претставува, застапува и потпишува раководителот Глигур Поп Зафиров.

Бр. 2725/52 од Повереноството за финансии на ОНО — Гевгелија. III—2—27

## СОДРЖИНА

Рег. бр. Страна

39. Закон за поделбата на Народна Република Македонија на околии, градови, градски општини и општини . . . . . . 97
40. Закон за спроведување реорганизацијата на народните одбори . . . . . . 103
41. Указ за разрешување и именување директор на главната управа . . . . . . 108

Издава: Новинско издавачко претпријатие "Службен весник на Народна Република Македонија" — Скопје, ул. "29 ноември". Одговорен уредник Петар Јаневски. Пошт фах 51. Тел. 19-86. Чековна сметка при Народната банка — Скопје бр. 801-901702. Печатница "Гоце Делчев" — Скопје.